РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 23.02.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 696/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:** четири издавачи на пет онлајн медиуми-интернет портали, и тоа:

   2.1. Друштво за филмска продукција, уметност и издаваштво ШОРТКАТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на www.frontline.mk и www.novatv.mk;
   2.2. Друштво за производство, трговија и услуги АНАСТАСОВ ЛИМИТЕД ДООЕЛ увоз-извоз Град Делчево, издавач на www.bregalnicki.mk;
   2.3. Друштво за уметничко творештво и медија услуги ПОРТАЛИКС ДООЕЛ Арачиново, издавач на www.portalix.mk; и
   2.4. Друштво за трговија и услуги ТОЧКА МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на www.tocka.com.mk.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 23 февруари 2026 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на онлајн медиуми-интернет портали ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум, телевизиска емисија и во делот за импресум на онлајн медиумот – интернет порталот) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

   - *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
   - *име на одговорното лице на издавачот на медиум, и*
   - *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото.*

5. **Констатации од надзорот:** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми <u>е во целост исполнета кај сите пет онлајн медиуми-интернет портали</u> опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***